SMARTLINE

# Против Пожарна Централа со повеќе зони

## Корисничко упатство и постапки во случај на пожар




inim
ELECTRONICS
PASSION for SECURITY

# Опис на панелот за управување и сигнализација

SMARTLINE







Копчиња за движење низ менито на ЛЦД екранот




Клучалка (со поставување и завртување на клучот се добива корисничка авторизација за управување)

inim ELECTRONICS PASSION for SECURITY




Копче за ресетирање (потребно е клучот да биде поставен и завртен во позиција за одобрување на кориснички пристап)




Со притискање на копчето се генерира Аларм од централата (потребно е клучот да биде поставен и завртен во позиција за одобрување на кориснички пристап)




Без поставен клуч служи за затишување на звучникот (бузерот) од централата кога сигнализира грешка.
Со клуч служи за затишување на сирените во состојба на аларм - прифаќање на алармот.




Кога системот е во  пред-алармна состојба, со поставен клуч го притискаме копчето “OBILAZAK” за да се одложи Алармот и да се добие дополнително време (фабрички 30 сек.) за да може да се изврши проверка во просторијата каде што е активиран детекторот. Штом програмираното време за проверка ке измине системот влегува во состојба на Аларм. Доколку се увиди дека нема опасност од пожар, корисникот може да ја ресетира централата и таа да се врати во нормална состојба.




Копчиња за управување
 со модулот за гаснење




ЛЕД Сијалички кои ја сигнализираат состојбата на системот за гаснење



Жолта ЛЕД: Системот е затишан.



Жолта ЛЕД: Оневозможено е ресетирање на централата (во состојба на аларм или пред-аларм системот неможе да се ресетира, потребно е прво да се прифати алармот на копчето за затишување).



Црвена ЛЕД: Системот е во состојба на АЛАРМ.



Црвена ЛЕД: Системот е во состојба на ПРЕД-АЛАРМ.



Црвена ЛЕД: Излезот за дојава е активиран.



Жолта ЛЕД: Има грешка во Системот (на екранот е испишан видот на грешките)



Жолта ЛЕД: Ако трепка ни сигнализира дека системот бил принудно рестартиран. Ако постојано свети централата има сериозен дефект.



Зелена ЛЕД: Централата е вклучена



Жолта ЛЕД: Еден или повеќе уреди на јамката се оневозможени (бајпасирани)



Жолта ЛЕД: Еден или повеќе уреди на јамката се во состојба на ТЕСТ



Жолта ЛЕД: Централата е во ноќен режим на работа





Жолта ЛЕД: грешка со дојавникот / сирената (види на екран)

inim ELECTRONICS
PASSION for SECURITY

# Постапка за управување за корисници

SMARTLINE

Постапка во **ПРЕД-АЛАРМ**

АКО НА ЦЕНТРАЛАТА ТРЕПКА ЦРВЕНАТА СИЈАЛИЧКА 

,ПОСТАВИ ГО И ЗАВРТИ ГО КЛУЧОТ 

И ПРИТИСНИ ГО КОПЧЕТО **“OBILAZAK“** 

, ПОГЛЕДНИ НА ЕКРАНОТ КОЈА ЗОНА Е ВО СОСТОЈБА НА **ПРЕД-АЛАРМ** И ПРОВЕРИ ЗОШТО.

-АКО СЕ УВЕРИТЕ ДЕКА ПОСТОИ ВИСТИНСКА ОПАСНОСТ ПРИТИСНИ ГО НАЈБЛИСКИОТ **РАЧЕН ЈАВУВАЧ** ИЛИ КОПЧЕТО **“EVAKUACIJA”** 

НА ЦЕНТРАЛАТА, И СЛЕДЕТЕ ЈА ПОСТАПКАТА ЗА БЕЗБЕДНА ЕВАКУАЦИЈА НАДВОР ОД ОБЈЕКТОТ.

-АКО СЕ УВЕРИТЕ ДЕКА НЕМА ВИСТИНСКА ОПАСНОСТ ВРАТЕТЕ СЕ КАЈ ЦЕНТРАЛАТА И ПРИТИСНЕТЕ ГО КОПЧЕТО **“ UTISAVANJE“** 

ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА НАСТАНОТ И **“RESET”** 

ЗА ВРАЌАЊЕ НА ЦЕНТРАЛАТА ВО НОРМАЛНА СОСТОЈБА.

# Постапка за управување за корисници

SMARTLINE

## Постапка во **АЛАРМ**

АКО НА ЦЕНТРАЛАТА ТРЕПКА ЦРВЕНА СИЈАЛИЧКА 

, ПОСТАВИ ГО И ЗАВРТИ ГО КЛУЧОТ 

И ПРИТИСНИ ГО КОПЧЕТО “ UTISAVANJE“ 

, ПОГЛЕДНИ НА ЕКРАНОТ КОЈА ЗОНА Е ВО СОСТОЈБА НА **АЛАРМ** И ПРОВЕРИ ЗОШТО.

-АКО СЕ УВЕРИШ ДЕКА ПОСТОИ ВИСТИНСКА ОПАСНОСТ, ПРИТИСНИ ГО НАЈБЛИСКИОТ **РАЧЕН ЈАВУВАЧ** ИЛИ КОПЧЕТО **“EVAKUACIJA”** 

НА ЦЕНТРАЛАТА, И СЛЕДИ ЈА ПОСТАПКАТА ЗА БЕЗБЕДНА ЕВАКУАЦИЈА НАДВОР ОД ОБЈЕКТОТ.

-АКО СЕ УВЕРИТЕ ДЕКА НЕМА ВИСТИНСКА ОПАСНОСТ, ВРАТИ СЕ КАЈ ЦЕНТРАЛАТА И ПРИТИСНЕТЕ ГО КОПЧЕТО **“RESET”** 

ЗА ВРАЌАЊЕ НА ЦЕНТРАЛАТА ВО НОРМАЛНА СОСТОЈБА.

# Постапка за управување за корисници

SMARTLINE

Постапка при **ГРЕШКА**

ПРИТИСНИ ГО КОПЧЕТО **“UTISAVANJE”** 

ЗА ЗАТИШУВАЊЕ НА ЗВУЧНИКОТ ОД ЦЕНТРАЛАТА И ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА НАСТАНОТ.

ПОГЛЕДНИ НА ЕКРАНОТ КАКВА ГРЕШКА ПРИЈАВУВА ЦЕНТРАЛАТА И АКО СИ ВО МОЖНОСТ ОДСТРАНИ ЈА, АКО НЕ КОНТАКТИРАЈ ГО ЛИЦЕТО ЗАДОЛЖЕНО ЗА ОДРЖУВАЊЕ.

Трепкање на некоја сијаличка сигнализира дека постоела грешка но дека во меѓувреме е одстранета.
Во тој случај постави го и заврти го клучот и притисни го копчето **“RESET”** 

за враќање на централата во нормална состојба.